1.157.4.60/203-205

вх. бр. 720

Ор. VIII сег. 203
20-XII-944


БИТОЛСКИ ОБЛАСТЕН
НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР
СТОПАНСКИ ОТДЕЛ
III Бр. 295
15.XII. 1944 г.
гр. БИТОЛА

ДО
ПОВЕРЕНСТВОТО ЗА НАРОДНО СТОПАНСТВО
И ЕКОНОМСКА ОБНОВА
ПРИ ПРЕЗИДИУМОТ НА АСНОМ
Отдел економска обнова

гр.СКОПЙЕ

На № 388 од 9-XII-1944 год.

Во отговор на вашето писмо под горниот номер, а според сведенийата со кои располага стопанскиот отдел на Областа, даваме ви следните сведенийа по зададените ни от вас прашанийа:

1.Во Битолска област има регистрирано по общтините 27 индустриални предприйатийа. По свойата големина тийе предприйатийа заостануват от своите посестрими во Скопска област, како и во суседните држави. Капацитетот на тийе предприйатийа е 2.000 конски сили.

По видой на производството и местото каде се найдуват индустрийалните предприйатийа е како следва:

А.Мелници:

1.Обштинско стопанско предприйатийе-Мелница "Драгор" гр.Битола;
2.Валцова мелница "Пелистер", Климент Спространов гр.Битола;
3.Валцова мелница на Димитар Кйурчиев с.Бучин-Крушовско;
4.Валцова мелница на Државното стопанство с.Демир-Капийа;
5.Моторна мелница "Балкан", Трайко Г.Мицев с.Обршчани-Крушовско;
6.Моторна мелница "Пелагонийа", Прилеп;
7.Моторна мелница "Пелагонийа" мала гр.Прилеп;
8.Моторна мелница на Коце Ордановски гр.Прилеп;
9.Моторна мелница на Веле Самакоски гр.Прилеп и
10.Моторна мелница на Димко Тодореcки гр.Прилеп.

Б.Текстилни предприйатийа

1."Битолска текстилна индустрийа" к.д. гр.Битола;
2.Работилница на волнени и памучни платой, Стерйо Пикуле с.Магарево
3.Производство на копринени и памучни платой, Йаким Чорбев и С-ие-гр.Битола
4.Производство на волнени прежди, Атанас И.Бошнаков гр.Охрид и
5.Прва текстилна фабрика за трикотаж и конфекции, Христо Цветаноски гр.Прилеп.

В.Захарни изделийа

1.Фабрика за захарни изделийа "Герас", Петар Г.Сотиров гр.Битола и
2.Фабрика за захарни изделийа на Георги Симйанов гр.Битола

Г.Електрични централи

1.Обштинско предприйатийе за електроснабдеване гр.Битола;
2.Градска електрична централа гр.Прилеп и
3.Електрична централа гр.Охрид.

Првите две електрични централи работат со дрва а третата на вода.

/

204

Д.Фабрики за цигли и герамиди

1.Фабрика за цигли и герамиди"Победа"гр.Струга и
2.Фабрика за цигли и герамиди"Рекорд"гр.Струга

Е.Пивоварни фабрики

1.Пивоварна фабрика Бракйа Грданови и С-ие гр.Прилеп

Ж.Сапунени фабрики

1.Фабрика за сапун Бракйа Ризеви-Христо и Владимир Ризеви,Битола.

З.Механично преработване на дрвото

1.Производство на фасониран дрвен строителен материал с.Скочивир-Битолско

И.Метална индустрийа

1."Бабуна"О.О.Д-во,гр.Прилеп,индустриално предприйатийе за производство од чинго и железо произведенийа,машини и машинни делой.

Й.Хемиска индустрийа

1.Производство на боров катран,смола и терпентин,Александар Г.Малахов с.Требоване-Бродско ?

Од горе изложеното йасно се гледа,да на прво место идат млинойте,како по нивниот брой,така и по производството,а то затова,што самите условийа за той вид индустрийалните предприйатийа се най-поволни-Пелагонийата-и што хранителните продукти сет една от най-главните и преки нужди на широките народни слоеви.

След млинойте идат предприйатийата за текстилни произведенийа,као волнени и памучни платой-во ограничено количество,те волнена и памучна прежда.

На трето место идат електричните централи,кои поред осветлението шо го дават на градското население,дават едно големо количество енергийа и на много мотори инсталирани во разни занайатчийски работилници.

Сапунената фабрика работи и произведува сапун за перене и раце,и ако редовно се снабдева со нужните сурови материйали,истата ке може да задоволи како нуждите на войската така и на населението.

Останалите индустриални предприйатийа сет от по-мала важност,за сега,за то,що нивното производство не е от голем обсек а и по-големио брой от нив не работи во овай момент.

2.Сега работат:млинойте,предприйатийата за текстилни и захарни произведенийа,сапунената фабрика и електричните централи. За войската работат сега сите текстилни предприйатийа койи произведуват волнени и памучни произведенийа за облекуване нашата млада Македонска войска.Издадено е нареждане на градските и околийски Н.О.О.да се собира лойо по кланиците от закланата стока и истиот да се предава на сапунената фабрика во гр.Битола.

3.Вопросо со работна рака во предприйатийата койи во моментот работа е задоволителен,а другите фабрики поради липса на работници специйалисти и техничари како и поради липса на сурови, спомагателни и горивни материали се затворени и не работат.

4.Фабриките койи работат во моменто располагат со суров материал за 3-4 месеци,затоа ке биди нужно,да се предузмат мерки,на тийе предприйатийа да му се помогни да дойдат до такви материали, за да не дойди и при нив до застой во производството.

5.За да проработат предприйатийата койи сега не работат ке биди нужно да се направи следното:ремонт во инсталациите,да се снабдат со грагевински материал,двигатели,нови машини и др.помошни материали,како и да се снабдат со смазочни и погонски материали.

6.Повредени предприйатийа през войната во Битолска област нема.

Поради ред на обйективни причини,територийата на Битолска област е останала много назад во стопанско и социално отношение.Но, от друга страна,во Битолска област,како и во цела Македонийа,постойат одлични природни и други услови-специално ова се односи за индустрийата,рударството и земйоделието-койи ако се развийат и корисно използуват,ке можат да йа преобразат во стопанско отношение целата Област,ке се подигни народнио доход,подобри животнио стандард и културното ниво на нашето население и ке дадат подтик на сите др. стопански отрасли и дейности;а за да се ступи во една таква общто корисна работа ке биди нужно прво и прво да си представиме фактичното положение,то значи,да се проучат и утврдат сите услови и возможности,койи ке ни [redacted] позволат за едно оживйаване и развиване на стопанскиот живот во нашата Област.

РЕФЕРЕНТ: Бл. Војков.

ПРОЧЕЛНИК: [signature]

Битолски обласен народно-ослободителен одбор

ПОВЕРЕНСТВО за НАРОДНО СТОПАНСТВО
ПРИ ПРИЗИДИЈУМОТ НА
А.С.Н.О.М.
Бр. 720
20. XII 1944 г.
СКОПЈЕ